ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ - СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE - SHKUP

**Архивски број | Numri i arkivit** 04-52/1
**Дата | Data** 12.01.2024

Врз основа на член 20-г од Закон за вработените во јавниот сектор (Сл. весник бр. 27/14, и 14/20), член 22 и 23 од Закон за работните односи (Сл. весник бр.62/05 и 288/2021), член 37- и од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник бр.38/96 и 35/19) и член 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги 02-1194/11 од 22.06.2017г., Директорот на ЈП „Паркови и зеленило" Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 01/2024**
**за вработување на неопределено време на даватели на услуги**
**во ЈП „Паркови и зеленило"Скопје на работно место**

1. **Работник со помошни машини** во Сектор - Градско зеленило, шифра КДР0305В01014, четириесет (40) извршители,

- ***Посебни услови***
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- за нивото В1 најмалку една година работно искуство во струката;
- Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
- Работни часови неделно 40 часа
- Паричен нето износ на плата 26.501,90 денари.

***НАПОМЕНА:*** Предвидени вработувања за ова работно место согласно годишниот план на институцијата за 2024 год. се: Македонец(ка) 25, Албанец(ка) 10, Турчин(ка) 1, Србин(ка) 1, Влав 1, Бошњак 1 и Други 1.

2. **Работник со помошни машини**, во Сектор Вонградско зеленило, шифра КДР0305В01014, пет (5) извршители,

- ***Посебни услови***
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- за нивото В1 најмалку една година работно искуство во струката;
- Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
- Работни часови неделно 40 часа
- Паричен нето износ на плата 27.016,50 денари.

***НАПОМЕНА:*** Предвидени вработувања за ова работно место согласно годишниот план на институцијата за 2024 год. се: Македонец(ка) 3, Албанец(ка) 2.

3. **Општ работник**, во Сектор Вонградско зеленило, шифра КДР0305В02031, пет (5) извршители,

- ***Посебни услови***
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- за нивото В2 со или без работно искуство во струката;
- Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
- Работни часови неделно 40 часа
- Паричен нето износ на плата 22.256,45 денари.

***НАПОМЕНА:*** Предвидени вработувања за ова работно место согласно годишниот план на институцијата за 2024 год. се: Македонец(ка) 3, Албанец(ка) 1, Турчин(ка) 1.

Сите кандидати треба да ги исполнуваат општите услови:

- Да е државјанин на Р. С.Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здраствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите доставуваат пријава која може да се превземе од веб страницата на ЈП „Паркови и зеленило"Скопје.
Документи кои треба да се приложат заедно со пријавата се:

- Уверение за државјанство
- Копија од Лична карта или Извод од матична книга на родени
- Лекарско уверение
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Дополнителен документ за потврда за исполнување на другиот посебен услов доколку се бара.

Приложените документи кон пријавата во оригинал или копија заверени на нотар.
Постапката за селекција на вработување на давател на услуга е согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги арх. бр. 02-1194/11 од 22.06.2017 година на ЈП „Паркови и зеленило"Скопје.
Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава со приложени потребни документи) во седиштето на ЈП „Паркови и зеленило" Скопје (Архива) или по пошта на бул. Илинден бр.104, 1000 Скопје во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневен печат.
Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот на кандидати се врши во рок од 60 дена, од 201 до 500 кандидати од 90 дена, над 500 кандидати од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.
Контакт: тел: 02/3070 112, e-mail: covecki.resursi@parkovi.com.mk.
Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.
Задоцнетите и некомплетни пријави нема да бидат земени во предвид.

**Ј.П. Паркови и зеленило**
**N.P. Parqe dhe Gjelbërime**
**Директор / Drejtor**
**Sefi Shabani**